УДК/UDK 373.3/.5:343.431 (497.774)(047.31)

Sала БОЈКОСКА[1]

# ИНФОРМИРАНОСТА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ОД СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО БИТОЛА ЗА ПРОБЛЕМОТ СО ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

**Апстракт**

Овој труд дава информации за тоа колку средношколската младина во Битола е информирана за проблемот со трговија со луѓе и колку тие ги препознаваат ризиците и последиците од тоа.

Во истражувањето се покажа дека средношколската младина има висок степен на информираност за трговијата со луѓе, но не и за суштинското значење на проблемот, од какви размери е тој, кои се видовите трговија со луѓе, мерките за заштитата, присутноста на трговијата со луѓе во Р.Македонија и разликите меѓу трговијата со луѓе и проституцијата.

Постои разлика во информираноста во однос на возраста, колку е поголема возраста на учениците, толку е поголема и информираноста за трговијата со луѓе.

***Клучни зборови:*** трговија со луѓе, жртви на трговијата, проституцијата, експлоатацијата.

# Information at the pupils from high schools in Bitola for the issue of Human Trafficking

**Abstract**

This work give information about how much the high school youth in Bitola is informed for the Human Trafficking issue, and how much they recognize the risks and consequences from that.

The research showed that high school youth have high level of information for the term Human Trafficking, but not for the essential meaning of the problem, it’s proportions, Types of trafficking with people, protection measures, human trafficking presence in R. Macedonia and differences between human trafficking and prostitution.

There is significant difference at pupils from different age, older pupils are more informed for the Human trafficking issue.

[1] М-р на социјална политика, специјалист по социјална работа во здравство, Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски”- Битола, е-маил: dzalab@yahoo.com

***Key words:*** Human trafficking, Human trafficking victims, prostitution, exploitation.

**Вовед**

Р. Македонија во последните неколку години се соочува со проблемот за трговијата со луѓе, илегалната миграција и криумчарењео на мигранти како светски проблем.

Од информациите и од извештајот на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција, може да се види дека проблемот е присутен во Р.Македонија и дека Владата на Р. Македонија, вклучувајќи повеќе надлежни министерства, НВО и Меѓународната заедниц, прави сериозни напори да се справи со овој вид организиран криминал.

Согласно Националната стратегија и Акциониот план за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција, на Владата на Р.Македонија, неопходно е со едукација да се опфатат што поголем број лица како и пошироката јавност за да се даде што поголемо значење на превенцијата од трговија со луѓе.

Владата на Република Македонија во септември 2009 година ја донесе новата Национална стратегија и Акциониот план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за периодот 2009-2011 година, во која се внесени и голем број превентивни активности за справување со овој проблем со кој се соочува нашата земја.

**Цел на истражувањето**

Истражување има цел да се утврди општата информираност кај средношколската популација во Општина Битола во однос на глобалниот проблем -трговијата со луѓе, како и разликите во однос на информираноста по пол, возраст и училиште како и за степенот на информираноста.

**Главна цел**

1. ***Дали постојат разлики во информираноста за трговијата со луѓе меѓу учениците?***

**Посебни цели**

***2.1 Дали постои разлика во информираноста за трговијтаа со луѓе во однос на полот на испитаниците?***

***2.2 Дали постои разлика во информираноста за трговија со луѓе во однос на возраста на испитаниците?***

**Варијабли на истражувањето**

Во спроведеното истражување беа вклучени неколку истражувачки варијабли. Од нив независни варијабли се: *полот, возраста, училиштето во кое се запишани*, досека пак зависна варијабла е *информираноста за трговијата со луѓе.*

**Истражувачки хипотези**

Во согласност со поставените проблеми во истражувањето дефинирани се следните хипотези:

1. ***Постојат разлики во информираноста на учеництит за трговијата со луѓе помеѓу учениците.***

***2.1 Постои разлика во информираноста за трговијата со луѓе во однос на полот на испитаниците.***

***2.2 Постои разлика во информираноста за трговија со луѓе во однос на возраста на испитаниците.***

**Метод и мерни инструменти**

За мерење на информираноста на учениците за трговијата со луѓе беше користен анкетен прашалник од 10 прашања од отворен и затворен тип, а за задоволството од одржаните работилници и натамошните сугестии беше користен Евалуативен лист со 6 прашања од отворен и затворен тип.

**Испитаници**

Истражувањето беше спроведено на примерок од 517 ученици од 1-ва до 4 –та во сите седум средни училишта: ОСМУ"Д-р Јован Калаузи", СЗУ"Кузман Шапкарев", СОУ Гимназија "Ј.Б.Тито", СОУ Гимназија"Таки Даскало", СЕОУ"Јане Сандански", СОТУ"Ѓорѓи Наумов", Средно музичко Училиште, по случаен избор, со што се внимаваше да бидат застапени ученици од сите возрасти.

**Статистичка обработка на податоците**

Со цел да се проверат поставените хипотези во врска со проблемот на истражувањето користена е SPSS статистичката програма со која е направена статистичката обработка на податоците. Направена е дескриптивна статистика (пресметување на фреквенцијата, аритметичката средина M, стандардните отстапувања SD, процентите). За разликите во аритметичките средини, според пол, возраст и училиште користен е t- тестот и еднонасочна АНОВА.

**Резултати и дискусија**

**Во однос на првата хипотеза 1.** ***Постојат разлики во информираноста за Трговијата со луѓе помеѓу учениците,*** направена е детална анализа на резултатите за секое од прашањата од анкетниот прашалник.

*Табела 1.* **Детална анализа на прашањето за општа информираност за трговијата со луѓе-"Дали сте слушнале за трговија со луѓе?"**

| **Училишта** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ОСМУ "Д-р Јован Калаузи"** | **СЗУ"Кузман Шапкарев"** | **СОУ Гимназија "Ј.Б.Тито"** | **СОУ Гимназија"Таки Даскало"** | **СЕОУ "Јане Сандански"** | **СОТУ "Ѓорѓи Наумов"** | **Средно музичко Училиште** | **Вкупно/ проценти** |
| **Неинфор-мирани ученици** | **1** | **15** | **0** | **2** | **1** | **2** | **4** | **25/4,8 %** |
| **Информи-рани ученици** | **70** | **84** | **57** | **77** | **90** | **49** | **65** | **492/95,2%** |
| **Вкупно** | **71** | **99** | **57** | **79** | **91** | **51** | **69** | **517/100%** |
| **Процент на информираност** | **98,6%** | **84,8%** | **100%** | **97,5%** | **98,9%** | **96,1%** | **94.2%** | |

**Коментар:** Од податоците се гледа дека постои висок процент на информираност кај испитаниците во однос на самиот термин – трговија со луѓе, но понатамошните анализи покажуваат дека ова не е вистинското познавање бидејќи на прашањето **бр. 6** ***Што за тебе претставува трговијата со луѓе?*** само **2,1%** од сите 517 испитаници точно знаеја да одговорат. Тоа покажува дека кај учениците постои само информираност во однос на самиот термин „трговија со луѓе", но не и за суштинското значење на самиот термин.

*Табела 2.* **Детална анализа на прашањето :**
**"Дали има разлика меѓу трговијата со луѓе и проституцијата и доколку одговорот е да, која е разликата?"**

| **Училишта** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Одговор** | **ОСМУ "Д-р Јован Калаузи"** | **СЗУ" Кузман Шапкарев"** | **СОУ Гимназија "Ј.Б. Тито"** | **СОУ Гимназија "Таки Даскало"** | **СЕОУ"Јане Сандански"** | **СОТУ"Ѓорѓи Наумов"** | **Средно музичко Училиште** | **Вкупно/ проценти** |
| **Нема разлика** | 38/**53,5%** | 46/**46,5%** | 9/**15,8%** | 32/**40,5%** | 35/**38,5%** | 19/**37,3%** | 24/**34,8%** | **203/39,3%** |
| **Има разлика** | 21/**39,6%** | 44/**44,4%** | 22/**38,6%** | 39/**49,4%** | 44/**48,4%** | 31/**60,8%** | 35/**50,7%** | **236/45,6%** |
| **Има разлика со понуден точен одговор** | 12/**16,9%** | 9/**9,1%** | 26/**45,6%** | 8/**10,1%** | 12/**13,2%** | 1/**2%** | 10/**14,5%** | **78/15,1%** |
| **Вкупно** | 71/**100%** | 99/**100%** | 57/**100%** | 79/**100%** | 91/**100%** | 5/**100%**1 | 69/**100%** | **517/100%** |

**Коментар:** Податоците зборуваат дека испитаниците трговијата со луѓе најчесто ја идентификуваат со сексуалната експлоатација, па можеби и затоа не прават разлика меѓу трговијата со луѓе и проституцијата.Ова говори дека испитаниците не се информирани за останатите видови (форми) на трговијата со луѓе

*Табела 3.* **Детална анализа на прашањето : "Дали можеш да станеш жртва на трговија со луѓе?"**

| **Училишта** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Одговор** | **ОСМУ "Д-р Јован Калаузи"** | **СЗУ" Кузман Шапк** | **СОУ Гимназија "Ј.Б.Тито"** | **СОУ Гимназија "Таки Даска** | **СЕОУ" Јане Сандански"** | **СОТУ "Ѓорѓи Наумо** | **Средно музичко Учили** | **Вкупно/ проценти** |

| | | арев" | | ло" | | в" | ште | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Не** | 10/**14,1 %** | 25/**25,3 %** | 4/**7%** | 9/**11,4 %** | 4/**4,4%** | 11/**21,6 %** | 15/**21,7 %** | **78/15,1 %** |
| **Да** | 61/**85,9 %** | 74/**74,7 %** | 53/**93 %** | 70/**88,6 %** | 87/**95,6 %** | 40/**78,4 %** | 54/**78,3 %** | **439/84,9 %** |
| **Вкупно** | 71/**100 %** | 99,**100 %** | 57/**100 %** | 79,**100 %** | 91,**100 %** | 51,**100 %** | 69,**100 %** | **517/100 %** |

**Коментар:** Колку помалку се информирани за проблемот – трговијата со луѓе, толку помалку се свесни дека можат да станат жртви на трговија со луѓе, ова особено се забележува кај испитаниците од СЗУ"Кузман Шапкарев"- каде е и најмалку знаат што претставува трговијата со луѓе (**85,9**%) и најмалку сметаат дека можат да станат жртви на трговијата (**25, 3%).**Тоа значи дека постои корелација на информираноста со можноста да се стане жртва на трговијата со луѓе.

*Табела 4.* **Детална анализа на прашањето : "Како можеш да се заштитиш од трговија со луѓе?"**

| **Училишта** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Одговор** | **ОСМУ "Д-р Јован Калаузи"** | **СЗУ" Кузман Шапкарев"** | **СОУ Гимназија "Ј.Б.Тито"** | **СОУ Гимназија "Таки Даскало"** | **СЕОУ" Јане Сандански"** | **СОТУ "Ѓорѓи Наумов"** | **Средно Музичко Училиште** | **Вкупно/ проценти** |
| **Нема одговор** | 60/**84,5 %** | 97/**98 %** | 34/**59,6 %** | 70/**88,6 %** | 86/**94,5 %** | 48/**94,1 %** | 67/**97,1 %** | **462/89,4 %** |
| **Има одговор** | 11/**15,5 %** | 2/**2%** | 23/**40,4 %** | 9/**11,4 %** | 5/**5,5%** | 3/**5,9%** | 2/**2,9%** | **55/10,6 %** |
| **Вкупно** | 71/**100 %** | 99,**100 %** | 57/**100 %** | 79,**100 %** | 91,**100 %** | 51,**100 %** | 69,**100 %** | **517/100 %** |

**Коментар:** Од вкупниот број на испитаници 517 само **10,6% (55)** сметаат дека доволно знаат како можат да се заштитат себеси, а останатите **89,4%(462)** не знаат како да се заштитат, односно го немаат потребното познавање, на што во наредниот период треба да се посвети посебно внимание.

**Во однос на втората хипотеза *2.1 Постои разлика во информираноста за трговијта со луѓе во однос на полот на испитаниците***

*Табела 5.* **Детална анализа на вкупниот скор за информираноста на учениците во однос на полот**

| Пол | N | M | SD | Значајност (p) | (p) |
|---|---|---|---|---|---|
| **Машки** | **238** | **6,68** | **2,043** | **0,06** | **>0,05** |
| **Женски** | **279** | **7,01** | **1,945** | | **>0,05** |
| **Вкупно ученици** | **517** | **6,86** | **1,996** | | |

Од изложените податоци се гледа дека аритметичката средина на вкупниот скор за информираноста за трговијата со луѓе кај испитаниците од машки пол е помала во однос на испитаниците од женски пол, но сепак таа разлика не е статистички значајна. Според тоа би можеле да заклучиме дека ***се отфрла истражувачката хипотеза 2.1 Постои разлика во информираноста за трговија со луѓе во однос на полот на испитаниците,* и се прифаќа нултата хипотеза.**

**Истражувачката хипотеза *2.2 Постои разлика во информираноста за трговија со луѓе во однос на возраста на испитаниците* (** тестирана е преку резултатите во *табела 10).*

*Табела 6.* **Детална анализа на вкупниот скор за информираноста на учениците во однос на возраста**

| | | | | Значајност (p) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Возраст** | **N** | **M** | **SD** | **15 год.** | **16 год.** | **17 год.** | **18 год.** |
| **15 години** | **142** | **6,39** | **1,889** | | **0.859** | **0,007**** | **0,000**** |
| **16 години** | **152** | **6,57** | **1,748** | **0.859** | | **0,050*** | **0,000**** |
| **17 години** | **87** | **7,24** | **2,080** | **0,007**** | **0,050*** | | **0,795** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **18-19 години** | **131** | **7,49** | **2,132** | **0,000 **** | **0,000**** | **0,795** | |
| **Вкупно ученици** | **517** | **6,86** | **1,996** | | | | |

***- значајност на разликите на аритметичките средини на ниво 0.05**
****- значајност на разликите на аритметичките средини на ниво 0.01**

Од добиените резултати кои се изложени во *тебела 6* може да се забележи дека со возраста на учениците расте и информираноста за трговијата со луѓе. Забележани се статистички значајни разлики во однос на информираноста за Трговијата со луѓе и тоа меѓу :

- *Испитаниците од 15 години* наспроти испитаниците од *17 години* (статистички значајна разлика на ниво 0,01).
- *Испитаниците од 15 години* наспроти испитаниците од *18 години* (статистички значајна разлика на ниво 0,01).
- *Испитаниците од 16 години* наспроти испитаниците од *17 години* (статистички значајна разлика на ниво 0,05).

Од ваквите резултати можеме да заклучиме дека **делумно ја прифаќаме истражувачката хипотеза:** ***2.2 Постои разлика во информираноста за трговијата со луѓе во однос на возраста на испитаниците.*** **Делумно се отфрла бидејќи не постојат статистички значајни разлики во информираноста за трговијата со луѓе меѓу учениците од 15 и 16 години, како и меѓу учениците од 17 и 18 години.**

***Генерален коментар***

Од спроведеното истражување генерално може истакниме дека информираноста за трговијата со луѓе меѓу учениците во повеќето училишта не е на задоволително ниво, иако во поодделни прашања дале позитивни (точни) одговори, но со подлабоки квалитативни анализи на одговорите тие се нецелосни и недоволни за да вистински ја препознаат трговијата со луѓе како проблем кој е присутен и кај нас, и како тие можат да се заштитат.

**Резиме**

- Постои висок процент на информираност кај учениците во однос на самиот термин – „трговија со луѓе”, но не го препознаваaат суштинското значење на овој термин;
- Трговијата со луѓе, најчесто, ја идентификуваат со сексуалната експлоатација;

- Учениците терминот „трговијата со луѓе” најчесто го идентификуваат со сексуалната експлоатација и најголем број од испитаниците не прават разлика меѓу трговијата со луѓе и проституција;
- Колку помалку се информирани за проблемот – трговија со луѓе, толку помалку се свесни дека можат да станат жртви на трговијата со луѓе;
- Од вкупниот број испитаници 517 само 10,6%, односно 55 ученици сметаат дека доволно знаат како можат да се заштитат себеси, а останатите 89,4%(462) не знаат како да се заштитат, односно го немаат потребното познавање, на што во наредниот период треба да се посвети посебно внимание;
- Постои разлика во информираноста за трговијата со луѓе во однос на возраста на испитаниците, колку е поголема возраста на учениците расте и информираноста за трговијата со луѓе;
- Најмала разлика во информираноста има меѓу испитаниците од 15 и 16 години и испитаниците од 17 и 18 години.

**Summary**

-There is a high percentage of awareness among students regarding the term -„ human trafficking, "but they don't recognize the essential meaning of this term;

-They most often identify the trafficking in human beings with the sexual exploitation

-Pupils the term, human trafficking, usually identify with sexual exploitation and the majority of respondents do not make a differnce between trafficking and prostitution

-The less they are informed about the problem - human trafficking, the less they are aware that they could become victims of human trafficking

-Of the total 517 respondents only 10.6% or 55 students think they know enough how they can protect themselves, and the remaining 89.4% (462) do not know how to protect themselves or do not have the requisite knowledge, which we in the future should pay particular attention

-There is a difference in awareness of human trafficking in relation to the age of the respondents, the greater age of the students the greater awareness of human trafficking

-The smallest difference in awareness is among respondents between 15 and 16 years and respondents from 17 and 18 years.

## Користена литература

1. Георгиевски,П.(1998), „*Методологија на истражување на општествените појави, воведен текст и избор на текстови за интерна употреба на студентите*", Филозофски факултет, Скопје.
2. Извештј од анализа на резултатите од енкетниот и евалуативнито листа од проектот „ „Трговијата со луѓе е реалност може да ти се случи и тебе", (2005) Граѓанска иницијатива за еднакви можности СЕМПЕР,
3. Резултати од истражувањето за познавањето и сфаќањето на учениците за проблемот на трговија со луѓе од проектот „ Застани и размисли" 2006, Здружение за помош и поддршка на деца под ризик , „ За среќно детство", Скопје.
4. Д-р Димитров Н. Бојкоска S. (2007), Извештај од емпириско истражувањет во училиштата за проблемот „ Трговија со луѓе".
5. Општ приказ на проектот „ Стоп на модерното ропство – трговија со жени" (2004) , Граѓанска иницијатива за еднакви можности СЕМПЕР
6. Мијалковиќ. С, (2005), „*Трговина људима*", Бео Синг , Београд; стр. 36
7. Суртис, Р. (2007), „*Гласот на жртвите",* Институт за борба против трговија со луѓе, Виена.
8. Surtees, R. (2008), *„Re/integration of trafficked persons: how can our work be more effective - Issues paper 1 , Trafficking Victims Reintegration Programme in Southeast Europe (TVRP),* King Baudouin Fondation and Nexus Institute to combat Human Trafficking, Vienna.
9. Surtees, R. (2008), *„Re/integration of trafficked persons: handling „difficult " cases 2008 - Issues paper 2 , Trafficking Victims Reintegration Programme in Southeast Europe (TVRP), ),* King Baudouin Fondation and Nexus Institute to combat Human Trafficking, Vienna.
10. Трајкова, С, В. и др. (2006), „*Внатрешна трговија со луѓе во Р.М*", Здружение за помош и поддршка на деца под ризик , „За среќно детство", Скопје.
11. Трајкова, С, В. и др. (2004), „*Психосоцијална поддршка на жени жртви на трговија со луѓе*", Здружение за помош и поддршка и семејства под ризик „ За среќно детство", Скопје.